РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за макроекономска политика

# Б И Л Т Е Н

Февруари 2013



Скопје, април 2013 година

# *Р Е З И М Е*

## *НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*

*февруари 2013 година*

- Индустриското производство во февруари 2013 година забележа раст од 4,5% во споредба со февруари 2012 година;
- Стапката на инфлација на годишна основа изнесува 3,5%, а во однос на претходниот месец цените се зголемија за 0,2%;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот во периодот јануари - февруари 2013 година од 12,2%, со вредносен раст од 2,6% и пад на увезените количини стоки од 5,8%, со вредносен раст од 1,6%, што резултираше со трговски дефицит кој останува на исто ниво во однос на истиот период од 2012 година;
- Пад на вкупните приходи во Буџетот од 8,5% и раст на вкупните расходи од 6,4% во првите два месеца од 2013 година во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 6.594 милиони денари (1,3% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 6.281 милиони денари (1,2% од БДП);
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 4,8% на годишна основа и раст на вкупниот депозитен потенцијал на банките од 5,6%;

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во февруари 2013 година индустриското производство забележа раст од 4,5% во споредба со февруари 2012 година. Анализирано по сектори, Рударство и вадење камен забележа раст од 17,7%, како резултат на растот во гранките Вадење други руди и камен од 155,4% и Вадење руди на метал од 15%. Секторот Преработувачка индустрија забележа раст од 4,4% додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 3,6%.

Индустриско производство (во %) - февруари 2013 година

| | м/м-12 | м/м-1 | I-II 2013 / I-II 2012 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 4,5 | 6,8 | 1,9 |
| Рударство и вадење камен | 17,7 | -2,7 | 17,8 |
| Преработувачка индустрија | 4,4 | 10,6 | 0,3 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -3,6 | -0,8 | -2,1 |

Извор: ДЗС

Во рамките на Преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 12 од 23 гранки, кои сочинуваат 51,23% од индустриското производство, при што раст е забележан кај Производството на облека (16,9%) и Производството на прехранбени производи (4,7%), како носечки гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Значителен раст на годишна основа е остварен и кај следните гранки: Производство на тутунски производи 105,7%, Производство на други неметални минерални производи 82,7%, Производство на текстил 47,7%, Производство на кожа 26,1%, Поправка и инсталирање машини и опрема 19,6%, Производство на електрична опрема 19,4%, Производство на пијалаци 18,1% и Производство на фармацевтски производи и препарати 12,9%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во февруари 2013 година има гранката Производство на тутунски производи (4,7 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на метали (-0,8 п.п.).




Индустриското производство во февруари 2013 година во однос на јануари 2013 година забележа раст од 6,8%. Секторската анализа укажува дека раст забележа секторот Преработувачка индустрија од 10,6%, додека секторите Снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација и Рударство и вадење камен забележаа пад од 0,8% и 2,7% соодветно.

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари – февруари 2013 година во однос на истиот период од 2012 година регистрира

раст од 1,9%. Секторот Рударство и вадење камен забележа раст од 17,8%, Преработувачка индустрија забележа раст од 0,3%, додека секторот Снабдувањето со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 2,1%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во февруари 2013 година во однос на февруари 2012 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка 12,0%, Интермедијарни производи, освен енергија 7,9% и Трајни производи за широка потрошувачка 7,2%. Пад на производството е регистриран кај групите: Капитални производи 7,0%, и Енергија 6,8%.

На месечно ниво, податоците за индустриското производство по наменски групи во февруари 2013 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка 36,7%, Интермедијарни производи, освен енергија 12,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 11,1%. Пад на производството е регистриран кај групите: Енергија 6,3% и Капитални производи 0,2%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - февруари 2013 година во однос на истиот период од минатата година раст е забележан кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,6% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,4%. Пад е забележан во следните групи: Енергија од 1,9%, Капитални производи од 1,9% и Интермедијарни производи освен енергија од 0,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Тековната економска состојба на деловните субјекти во февруари 2013 година е поповолна во однос на претходниот месец, а во однос на февруари 2012 година е понеповолна.

Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е поповолна во однос на претходниот месец и во однос на февруари 2012 година. Оценката за обемот на производството во изминатите три месеци е поповолна во однос на јануари 2013 година и во однос на февруари 2012 година. Очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, а во однос на февруари 2012 година се понеповолни.




Во однос на бројот на вработените, очекувањата во февруари 2013 година за наредните три месеци се поповолни во однос на минатиот месец, а во однос на февруари 2012 година се понеповолни.

Просечното искористување на капацитетите во февруари 2013 година изнесува 60,3%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 60,0%. Споредено со февруари 2012 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1 п.п.

Во февруари 2013 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е понеповолна во споредба со претходниот месец, а поповолна во споредба со февруари 2012 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, се очекува зголемување на просечните набавни цени на инпутите, како и на продажните цени на готовите производи.

Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во февруари 2013 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 25,6%, недоволната домашна побарувачка со 20,2%, недостигот на квалификувана работна сила со 11,7%, финансиските проблеми со 10,7%, неизвесното економско окружување со 10,6%, конкурентниот увоз со 6,7% и недостигот на суровини со 3,5%.

Како ограничувачки фактори во февруари 2013 година во однос на јануари 2013 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната странска побарувачка, неизвесното економско окружување, конкурентниот увоз, недостигот на опрема, недостигот на суровини и нејасните економски закони, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната домашна побарувачка, недостигот на квалификувана работна сила, финансиските проблеми и недостигот на енергија,. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во февруари 2013 година во однос на февруари 2012 година забележа зголемување од 1,1%.

Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во сите секторите, и тоа: Рударство и вадење камен за 8,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,7% и Преработувачка индустрија за 0,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2013 година во однос на февруари 2012 година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Енергија за 7,6% и Трајни производи за широка потрошувачка за 3,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,3%, додека намалување има кај групите: Капитални производи за 6,1% и Интермедијарни производи, освен енергија за 1,0%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2013 година беа издадени 219 одобренија за градба, што претставува зголемување од 25,9% во однос на истиот месец од 2012 година. Вкупниот број на издадени одобренија за градење во однос на јануари 2013 година, кога беа издадени 181 одобрение, се зголеми за 21,0%.

Предвидената вредност на објектите, според издадените одобренија за градење во февруари, изнесува 2.396 милиони денари, што е повеќе за 43,6% во однос на февруари 2012 година, а во однос на јануари 2013 година вредноста на објектите исто така бележи зголемување за 43,7%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 168 (или 76,7%) се наменети за објекти од високоградба, 16 (или 7,3%) за објекти од нискоградба и 35 (или 16,0%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 219 објекти за кои се издадени одобренија за градба, на 165 (или 75,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 54 објекти (или 24,7%) инвеститори се деловни субјекти.




Во февруари 2013 година е предвидена изградба на 587 станови, со вкупна корисна површина од 48.100 м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 32,8% во однос на истиот месец од 2012 година, а во однос на јануари 2013 година е зголемен за 14,6%.

Анализирано по региони, во февруари 2013 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 43, од кои 36 одобренија се за инвеститори - физички лица и 7 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион - 14, при што 8 одобренија се издадени за инвеститори - физички лица, а 6 за инвеститори - деловни субјекти.

Во периодот јануари-февруари 2013 година, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 106, од кои за 86 инвеститори се

физички лица, а за 20 одобренија инвеститори се деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион, вкупно 20, од кои за 12 одобренија инвеститори се физички лица, а за 8 инвеститори се деловни субјекти.

## Инфлација

Стапката на инфлација, измерена според Индексот на трошоците на живот, во февруари 2013 година изнесува 3,5% во однос на истиот месец претходната година.

На годишна основа, во февруари растот на цените е највисок во категоријата Облека и обувки и изнесуваше 10,5%, следен од растот на цените во категоријата Домување од 4,9%, што најмногу се должи на растот на цените за огрев и осветление од 6,6%. Раст на цените е забележан и кај следните категории: Хигиена и здравје од 4,8%, Ресторани и хотели 3,6%, Исхрана 3,2%, Култура и разонода 1,8%, Тутун и пијалаци 1,6% и Административни и финансиски услуги од 0,4%. Пад на цените е забележан во категоријата Сообраќајни средства и услуги од 0,5%.




Индексот на трошоците на живот во февруари споредено со претходниот месец се зголеми за 0,2%. Притоа, позитивен месечен раст на цените е забележан во категориите Хигиена и здравје од 0,6%, Административни и финансиски услуги од 0,4%, Исхрана од 0,3%, Домување од 0,3%, Сообраќајни средства и услуги од 0,2% и Ресторани и хотели од 0,1%,. Цените останаа непроменети во категоријата Тутун и пијалаци, додека пад на цените е забележан во категориите Култура и разонода од 0,6% и Облека и обувки од 0,1%.

Во февруари 2013 година во однос на февруари 2012 година цените на мало беа повисоки за 1,8%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 0,1%.

## Берзански цени

Во февруари 2013 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 2,7% во однос на февруари 2012 година и достигна вредност од 116,5 долари за барел. Споредено со претходниот месец, цената на нафтата се зголеми за 3,1%. Просечната цена на природниот гас во февруари се намали за 0,1% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во февруари се тргуваше по просечна цена од 17.690 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен раст на цената од 1,2%. Споредено со февруари 2012 година цената на никелот е пониска за 13,3%. Имено, во февруари се забележува месечно зголемување на цените на сите основни метали освен калајот и железната руда. Во рамките на основните метали, највисок месечен раст на цената забележа цинкот од 4,8%. Цената на железната руда во февруари регистрираше месечен раст од 2,6%. Во рамките на благородните метали, месечен раст на цената забележа платината од 2,2%, додека цените на златото и среброто забележаа пад.




Цената на житото на светските берзи во февруари регистрираше месечен пад од 4,9%.

## 2. Надворешно-трговска размена

Вкупната надворешно-трговска размена во првите два месеца во 2013 година бележи зголемување за 2,0% во однос на истиот период од 2012 година.

### Извоз

Во периодот јануари-февруари 2013 година, физичкиот обем на извозот бележи пад од 12,2% во однос на истиот период од 2012 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 495,5 милиони евра и бележи раст од 2,6% (11,5 милиони евра) во однос на периодот јануари - февруари 2012 година.




Анализирано на месечно ниво, во февруари 2013 година извозот бележи поместување надолу за 0,2% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на извозот во февруари 2013 година бележи месечен пад од 7,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,7 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2013 година се: железо и челик со 20,3%, облека 17,3%, хемиски материи и производи 14,9%, метална руда и отпадоци од метал 6,6%, пијалаци и тутун 6,3% и нафта и производи од нафта 2,9%. Овие шест групи производи сочинуваат 68,3% од вкупниот извоз на државата.




Во првите два месеца од 2013 година, гледано по економска намена, најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриски набавки (52,5%), потоа следуваат стоките за широка потрошувачка (24,2%), храна и пијалаци (9,1%), производите за инвестиции без транспортна опрема (9,1%), горива и мазива (3,2%) и транспортна опрема (1,7%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II 2012 | I-II 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 97,2 | 89,7 | -7,4 | -7,7 |
| Мил. ЕУР | 99,8 | 93,2 | -6,5 | -6,6 |
| Мил.$ | 130,7 | 124,0 | -6,6 | -5,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II 2012 | I-II 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 55,6 | 120,9 | 65,3 | 117,3 |
| Мил. ЕУР | 29,0 | 56,0 | 27,0 | 93,0 |
| Мил.$ | 37,8 | 74,6 | 36,8 | 97,2 |

*)Претходни податоци




Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; фероникел; машини и апарати за филтрирање или пречистување други гасови со каталитичка постапка; машки кошули од памук; руди на бакар и концентрати; тутун; табли, плочи, пултови, маси, ормани и друго; руди на олово и концентрати; плоснато валани производи од железо или нелегиран челик со ширина 600 мм или поголема; женски панталони од памук и друго.

## Увоз

Увезените количини стоки во периодот јануари - февруари 2013 година се намалени за 5,8% во однос на периодот јануари - февруари претходната

година, а нивната вредност изнесува 736,3 милиони евра, што претставува зголемување за 1,6% (11,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2012 година.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2013 година увозот бележи пад од 3,2% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на увозот во февруари 2013 година бележи месечен пад од 5,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (2,3 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II 2012 | I-II 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 39,3 | 22,9 | -16,4 | -41,7 |
| Мил. ЕУР | 29,4 | 13,5 | -16,0 | -54,2 |
| Мил.$ | 38,6 | 17,9 | -20,7 | -53,6 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II 2012 | I-II 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 215,2 | 110,7 | -104,5 | -48,6 |
| Мил. ЕУР | 141,6 | 77,1 | -64,5 | -45,5 |
| Мил.$ | 186,1 | 102,4 | -83,6 | -44,9 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари - февруари 2013 година покрај нафтата отпаѓа на обоени метали; железо и челик; предиво, ткаенини и текстилни производи; електрична енергија; друмски возила и друго.

Гледано по економска намена, во периодот јануари - февруари 2013 година најголемо учество во увозот имаат: стоките за индустриски набавки (45,4%), потоа следуваат горива и мазива (18,4%), храна и пијалаци (11,4%), производи за инвестиции без транспортна опрема (11,0%), стоки за широка потрошувачка (9,0%) и транспортна опрема (4,8%).

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: платина, необработена или во прав; сурова нафта; електрична енергија; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; нафтени гасови и други гасовити јагленоводороди; топло валани производи со дебелина помала од 3 мм; руди на никел и концентрати; премачкувачки средства (бои и лакови); паладиум: необработен или во прав; амалгами; и слично.




| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II 2012 | I-II 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 1,2 | 1,0 | -0,2 | -19,4 |
| Мил. ЕУР | 64,5 | 68,5 | 4,0 | 6,2 |
| Мил.$ | 84,5 | 91,5 | 7,0 | 8,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II 2012 | I-II 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 2,8 | 3,7 | 0,9 | 33,3 |
| Мил. ЕУР | 8,9 | 10,7 | 1,8 | 19,8 |
| Мил.$ | 11,7 | 14,3 | 2,6 | 21,9 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите два месеца во 2013 година трговскиот дефицит е на исто ниво со периодот јануари-февруари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, задржувањето на дефицитот на исто ниво е резултат на комбинираниот ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, стоките за инвестиции без транспортна опрема, транспортната опрема и стоките за широка потрошувачка додека во спротивна насока дејствуваше проширеното негативно салдо во размената со стоките за индустриски набавки и храна и пијалаци.

Значајно е да се напомене дека од јануари 2013 година се применува ревидирана економска групација на земјите, подготвена според Геономенклатурата на ЕУ-Номенклатура на земји и територии за статистика на стоковна размена на Унијата и статистика на стоковна размена помеѓу земјите-членки на Унијата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - февруари 2013 година споредено со истиот период 2012 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ бележи раст од 15,9% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 8,8%.

Во првите два месеца од 2013 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период претходната година се зголемила за 13,2%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 5,0 п.п. и изнесува 61,3%. Извозот на стоки со Европската унија (ЕУ 27) во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 71,8%, а увозот на стоки со 54,7%.

Во периодот јануари - февруари 2013 година, 84,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Русија, Кина, Србија и Турција, а потоа следуваат: Грција, Швајцарија, Украина, Индија, Романија, Словенија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 70,2% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2013 година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - февруари 2012 година претставува зголемување од 3,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 80,2% и 64,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 4,0 п.п., додека кај увозот е зголемена за 3,7 п.п во однос на периодот јануари - февруари 2012 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I-II 2012 | | | | | I-II 2013 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 345,8 | 439.472.713 | 61,5024 | 27.028.626.592 | 60,3 | 406,4 | 473.013.689 | 61,5996 | 29.137.454.014 | 64,0 | 33.540.975 | 7,6 |
| УСД | 547,6 | 306.753.021 | 46,5380 | 14.275.672.102 | 31,9 | 434,9 | 217.123.042 | 46,0427 | 9.996.931.079 | 22,0 | -89.629.979 | -29,2 |
| ГБП | 0,4 | 38.245.245 | 73,5147 | 2.811.587.733 | 6,3 | 0,5 | 82.429.769 | 71,5578 | 5.898.492.911 | 13,0 | 44.184.524 | 115,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 893,8 | | | 44.115.886.427 | 92,2 | 841,9 | | | 45.032.878.003 | 99,0 | | |
| вк извоз: | 895,0 | | | 44.792.264.631 | 100,0 | 843,2 | | | 45.503.824.824 | 100,0 | | 1,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во месеците јануари и февруари 2013 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 18.928 милиони денари, односно 3,8% од БДП, што претставува помало остварување за 8,5% во однос на 2012 година.

Даночните приходи за првите два месеца изнесуваа 9.963 милиони денари, односно 2,0% од БДП и во однос на истиот период од 2012 година се намалени за 15,9%.

Одделни категории приходи и расходи (во милиони денари); Извор: МФ




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 3.928 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој месец е доминантно и изнесува 39,4%. Акцизите се остварени во износ од 2.139 милиони денари (учество од 21,5% во даночните приходи). Така, од овие два данока остварени се приходи од 6.067 милиони денари, односно 60,9% од вкупните даночни приходи (1,2% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 9.820 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 5.892 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 1,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 81,2% споредено со истиот период од 2012 година). За одбележување е дека споредено со податоците за истиот период, бруто наплатата е повисока и од 2010 и 2011 година, но исто така и повратот на ДДВ е многу повисок.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува пад од 5,7%, додека  ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 13,7%, учеството на ДДВ од донациите и каматата е незначително (0,6%) и забележува двојно поголемо остварување на ДДВ од донациите. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок изнесуваат 1.533 милиони денари и се зголемени за 4,4% на годишна основа, при што околу ¾, односно 70,7% од персоналниот данок претставува приходот од

данокот на плати и други лични примања. Споредено со истиот месец во 2012 година, приходите од данокот од добивка забележаа раст од 2,5 пати, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката. Приходите од ДДВ забележаа пад од 38,7%, додека акцизите забележаа пад, односно помало остварување за 8,3%. Приходите од царина  изнесуваа 657 милиони денари и забележаа зголемување од 8,2%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 1.883 милиони денари и во однос на истиот период од 2012 година беа зголемени за 0,9% (во овие приходи се приходите од административни такси, патарини и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди изнесуваа 237 милиони денари, што претставува намалување од 58,8% во однос на истиот период од претходната година.

Социјалните придонеси од плати се остварени во износ од 6.256 милиони денари, што е повеќе за 3,5% споредено со истиот период од 2012 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 3,2%, кај придонесите за вработување од 3,5%, додека придонесите за здравствено осигурување забележаа зголемување од 4,2%.

## Буџетски расходи

Во месеците јануари и февруари 2013 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 25.522 милиони денари, односно 5,1% од БДП, што е повеќе за 6,4% во однос на 2012 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 22.967 милиони денари учествуваа со 90,0% (со учество од 4,6% во БДП) и се зголемени за 10,7% во однос на истиот период од 2012 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 15.374 милиони денари (3,1% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 3.733 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 14,6% и во однос на 2012 година се намалени за 0,9%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.804 милиони денари и споредено со истиот период од 2012 година се зголемени за 27,6%.

Трансферите забележаа зголемување од 6,8% споредено со истиот период од 2012 година и истите учествуваа со 60,2% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 11.755 милиони денари, забележаа раст од 4,4% и учествуваа со 46,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 7.271 милиони денари, забележаа зголемување од 8,0%, споредено со истиот период од 2012 година и учествуваа со 28,5% од вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 13,6%, односно забележаа зголемување од 15,5%, споредено со истиот

период од 2012 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа изнесуваа 2.410 милиони денари и на годишна основа беа реализирани за 11,7% повеќе. Субвенциите и трансферите беа остварени за 29,4% повеќе.

Каматите се реализирани во износ од 1.056 милиони денари, што е за речиси 3 пати повеќе во споредба со истиот период од 2012 година. Ваквото зголемување е претежно поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 35,1%, додека за странство беа зголемени за речиси 4 пати.

Во анализираниот период, средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 2.555 милиони денари со структурно учество од 10,0% во вкупните расходи (0,5% учество во БДП).

## Буџетско салдо

Во февруари 2013 година, во Буџетот на Република Македонија остварен е дефицит од 6.594 милиони денари, што претставува 1,3% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 6.281 милиони денари и претставува 1,2% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во јануари 2013 година изнесува 31.090 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.185 денари.

На месечна основа, во јануари 2013 година просечната бруто плата бележи номинален пад од 1,2%, додека реално истата е пониска за 1,5%. Просечната нето плата номинално беше пониска за 1,3%, додека реално истата бележи пад од 1,6%.




Во јануари 2013 година во однос на јануари 2012 година, просечните бруто и нето плата номинално беа повисоки за 1,0%, додека реално истите беа пониски за 2,7%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во јануари 2013 година во однос на јануари 2012 година е забележан во дејностите Рударство и вадење камен (11,6% бруто плата и 10,3% нето плата), Други услужни дејности (9,0% бруто плата и 8,8% нето плата) и Градежништво (6,2% бруто плата и 6,9% нето плата).

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во јануари 2013 година во однос на декември 2012 година е забележан во дејностите Рударство и вадење камен (11,6% бруто плата и 10,3% нето плата), Градежништво (6,2% бруто плата и 6,9% нето плата) и Други услужни дејности (9,0% бруто плата и 8,8% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во јануари 2013 година изнесува 2,0%, и е понизок за 0,3 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, а во однос на декември 2012 година процентот е помал за 0,1 п.п.

## Пензии

Во февруари 2013 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 285.115 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот месец од 2012 година. Во однос на јануари 2013 година, бројот на корисници на пензија е поголем за 776 лица. Од вкупниот број пензионери, 57,1% се корисници на старосна пензија, 27% на семејна пензија и 15,9% на инвалидска пензија.




За исплата на пензии во февруари 2013 година потрошени се 3.216,19 милиони денари, што претставува 55% од вкупните социјални трансфери[1].

Просечната пензија во февруари 2013 година изнесува 11.448 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 7,9%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2013 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,3%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во февруари 2013 година примарните пари[2] забележаа засилен годишен раст од 4,8% (4,6% минатиот месец), во услови на интензивиран раст вкупните ликвидни средства на банките од 6,4%. Готовите пари во оптек се зголемија за 2,6% на годишна основа.

На месечна основа, примарните пари забележаа пад од 0,9%, како резултат на падот на вкупната




[1] Категоријата социјални трансфери г... а невработеност, социјалната помош и расходите з...

[2] Примарните пари се пресметани како ... а во благајна), задолжителната резерва во денари ... а задолжителна резерва (во денари).

ликвидност на банките од 1,6%. Готовите пари во оптек од се зголемија за 0,1%.

Во февруари 2013 година, имајќи ги предвид најновите макроекономски, пазарни и финансиски показатели, Народната банка на Република Македонија одлучи максималната каматна стапка на благајничките записи да се задржи на нивото од 3,5%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[3] во февруари 2013 година се зголеми за 1,6% на месечна основа, доминантно воден од растот на депозитите на домаќинствата. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,8%, додека депозитите на приватните претпријатија забележаа висок месечен раст од 4,1% по падот од 1,4% регистриран минатиот месец. Според валутата, денарските депозити се зголемија за 1,7% на месечна основа, додека девизните се зголемија за 1,4%.




На годишна основа, вкупните депозити во февруари 2013 година остварија засилен раст од 5,6%, наспроти растот од 4,3% во јануари 2013 година. Растот е воден од депозитите на домаќинствата кои се зголемија за 6,6%, додека депозитите на претпријатијата регистрираа годишен раст од 2,3%, со што се прекина трендот на намалување во изминатите седум месеци.

Од аспект на валутата, по континуираниот пад во изминатите осум месеци, во февруари 2013 се забележува раст на депозитите во странска валута од 1,4%, со што тие придонесоа со 12% во растот на вкупниот депозитен потенцијал. Доминантен придонес имаа депозитите во домашна валута кои се зголемија за 9,4%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 30,3%, а краткорочните депозити се намалија за 2,7%.

## Кредити на банките

Во февруари 2013 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор на месечна основа се зголемија за 0,1%. Од аспект на валутната структура, девизните кредити се зголемија за 0,1%, додека денарските кредити останаа непроменети.

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата.

Во однос на претходниот месец, кредитите кон приватните претпријатија останаа непроменети, додека кредитите кон домаќинствата се повисоки за 0,2%.




На годишна основа, растот на вкупните кредити забави на 4,8% (наспроти 5,0% во јануари). Според валутата, новото кредитирање е целосно во домашна валута. Имено, кредитите во домашна валута се зголемија за 8,7%, додека оние во странска валута бележат пад од 5,7%. Анализирано според секторот, кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 3,0%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 7,0%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 2,6%, додека краткорочните кредити се повисоки за 2,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2013 година, вкупната каматна стапка на кредитите го задржа нивото од 7,8%. Каматната стапка на денарските кредити се намали на 8,2% од 8,3% минатиот месец, додека каматната стапка на девизните кредити се задржа на нивото од 6,7%.

Вкупната каматна стапка на депозитите се намали на 3,1% од 3,3% минатиот месец, при истовремено намалување на каматните стапки на денарските и девизните депозити, и тоа за денарските на 4,6% (од 4,8% во јануари 2013 година) и за девизните на 2,0% (од 2,1% во јануари 2013 година).

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2013 година изнесуваа 2.244,2 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 19,2 милиони евра, додека во однос на февруари 2012 година се повисоки за 182,4 милиони евра.

# ПРИЛОГ
## ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ

# МАКРОЕКОНОМИЈА

## Табела 1. Основни макроекономски индикатори на Република Македонија

| | | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реален раст на БДП** | % | 4,5 | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,6 | 4,4 | 5,0 | 6,1 | 5,0 | -0,9 | 2,9 | 2,8 | -0,3 |
| **БДП (по тековни цени)** | ЕУР мил. | 3.893 | 3.839 | 4.001 | 4.105 | 4.442 | 4.814 | 5231 | 5965 | 6.720 | 6.677 | 7.057 | 7.504 | 7.521 |
| **Инфлација (просек)** | % | 5,8 | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 3,9 | 3,3 |
| **Инфлација (крај на период)** | % | 6,1 | 3,7 | 1,1 | 2,6 | -1,9 | 1,2 | 2,9 | 6,1 | 4,1 | -1,6 | 3,0 | 2,8 | 4,7 |
| **БДП дефлатор** | % | 8,2 | 3,6 | 3,4 | 0,3 | 0,8 | 3,8 | 3,3 | 7,4 | 7,5 | 0,7 | 2,7 | 3,5 | 0,5 |
| **Буџетско салдо (централен буџет и фондови)** | % БДП | 2,5 | -6,3 | -5,6 | -1,0 | 0,0 | 0,2 | -0,5 | 0,6 | -0,9 | -2,7 | -2,4 | -2,5 | -3,8 |
| **Девизен курс, просек** | ДЕН/1USD | 65,89 | 68,04 | 64,73 | 54,30 | 49,41 | 49,29 | 48,79 | 44,72 | 41,86 | 44,08 | 46,46 | 44,23 | 47,90 |
| **Девизен курс, просек** | ДЕН/1EUR | 60,73 | 60,91 | 60,98 | 61,26 | 61,34 | 61,30 | 61,19 | 61,18 | 61,27 | 61,27 | 61,51 | 61,53 | 61,53 |
| **Девизен курс, крај на период** | ДЕН/1USD | 65,30 | 69,20 | 58,60 | 49,90 | 45,94 | 51,73 | 46,50 | 42,02 | 43,56 | 42,70 | 46,55 | 47,53 | 46,65 |
| **Девизен курс, крај на период** | ДЕН/1EUR | 60,79 | 60,96 | 61,07 | 61,29 | 61,44 | 61,17 | 61,20 | 61,22 | 61,40 | 61,20 | 61,50 | 61,51 | 61,50 |
| **Извоз на стоки (Ф.О.Б.)** | ЕУР мил. | | | | 1.203 | 1.345 | 1.643 | 1.914 | 2.472 | 2.693 | 1.933 | 2.530 | 3.179 | 3.093 |
| **Увоз на стоки (Ф.О.Б.)** | ЕУР мил. | | | | 1.956 | 2.259 | 2.501 | 2.915 | 3.653 | 4.455 | 3.492 | 3.978 | 4.861 | 4.877 |
| **Трговски биланс** | ЕУР мил. | | | | -753 | -914 | -858 | -1.001 | -1.181 | -1.763 | -1.560 | -1.448 | -1.682 | -1.784 |
| **- во % од БДП** | % | | | | -18,3 | -20,6 | -17,8 | -19,1 | -19,8 | -26,2 | -23,4 | -20,5 | -22,4 | -23,7 |
| **Биланс на тековна сметка** | ЕУР мил. | | | | -170 | -362 | -122 | -23 | -421 | -862 | -457 | -144 | -224 | -291 |
| **- во % од БДП** | % | | | | -4,1 | -8,1 | -2,5 | -0,4 | -7,1 | -12,8 | -6,8 | -2,0 | -3,0 | -3,9 |
| **Девизни резерви** | ЕУР млд. | 0,77 | 0,88 | 0,70 | 0,72 | 0,72 | 1,12 | 1,42 | 1,52 | 1,50 | 1,60 | 1,71 | 2,07 | 2,19 |
| **Покриеност на увозот со девизни резерви 1)** | месеци | | | | 3,7 | 3,2 | 4,6 | 5,0 | 4,3 | 3,5 | 4,7 | 4,5 | 4,5 | |
| **Бруто надворешен долг 2)** | ЕУР млл. | | | | | 2.080 | 2.528 | 2.503 | 2.841 | 3.304 | 3.780 | 4.106 | 4.847 | 5.163 |
| **- во % од БДП** | % | | | | | 46,8 | 52,5 | 47,9 | 47,6 | 49,2 | 56,6 | 58,2 | 64,6 | 68,6 |
| **Странски директни инвестиции** | ЕУР мил. | | | | 100 | 261 | 77 | 345 | 506 | 400 | 145 | 160 | 337 | 105 |
| **- во % од БДП** | % | | | | 2,4 | 5,9 | 1,6 | 6,6 | 8,5 | 6,0 | 2,2 | 2,3 | 4,5 | 1,4 |

1) Девизни резерви во однос на просечен месечен увоз на стоки и услуги од тековната година
2) Од 2010 година во податокот е вклучена и акумулирана камата
Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија

## Табела 2. Одбрани макроекономски индикатори во одделни економии

| | Бугарија | Чешка | Естонија | Унгарија | Латвија | Литванија | Полска | Романија | Словачка | Словенија | Хрватска | Малта | Турција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БДП (годишна стапка на реален раст)** | | | | | | | | | | | | | |
| **2006** | 6,5 | 6,8 | 10,6 | 3,6 | 12,2 | 7,8 | 6,2 | 7,9 | 8,5 | 5,9 | 4,7 | 3,6 | 6,9 |
| **2007** | 6,4 | 6,1 | 6,9 | 0,8 | 10 | 9,8 | 6,8 | 6,3 | 10,5 | 6,9 | 5,5 | 3,7 | 4,7 |
| **2008** | 6,2 | 2,5 | -5,1 | 0,8 | -4,2 | 2,9 | 5,1 | 7,3 | 5,8 | 3,7 | 2,4 | 2,6 | 0,4 |
| **2009** | -5,4 | -4,7 | -14,1 | -6,8 | -17,8 | -14,8 | 1,6 | -6,6 | -5,0 | -8,0 | -6,0 | -2,7 | -4,9 |
| **2010** | 0,2 | 2,7 | 4,8 | 1,2 | -0,5 | 1,4 | 3,9 | -1,7 | 4,3 | 1,2 | -1,2 | 3,4 | 9,2 |
| **2011** | 1,9 | 1,9 | 8,4 | 1,7 | 5,4 | 5,9 | 4,3 | 2,1 | 3,3 | 0,6 | -0,1 | 1,7 | 8,7 |
| **2012** | 0,8 | -1,3 | 3,2 | -1,7 | 5,6 | 3,6 | 2,1 | 0,4 | 2,1 | -2,3 | -1,9 | 0,8 | * |
| **2011 К-1** | 2,1 | 3,4 | 9,9 | 2,6 | 3,6 | 5,5 | 4,1 | 1,5 | 3,2 | 2,5 | -1,2 | 3,2 | 12,1 |
| **К-2** | 2,9 | 2,1 | 8,3 | 1,3 | 5,7 | 5,6 | 4,4 | 1,2 | 3,4 | 1,6 | 0,6 | 2,8 | 9,1 |
| **К-3** | 1,9 | 1,6 | 9,3 | 1,4 | 6,6 | 6,6 | 4,1 | 4,1 | 2,6 | 0,8 | 0,8 | 1,3 | 8,4 |
| **К-4** | 0,6 | 0,6 | 5,9 | 1,3 | 5,7 | 5,7 | 4,6 | 1,6 | 3,8 | -2,4 | -0,4 | -0,4 | 5,0 |
| **2012 К-1** | 1,0 | -0,1 | 3,4 | -0,6 | 7,0 | 3,9 | 3,7 | 0,1 | 2,9 | 0,0 | -1,3 | -1,0 | 3,4 |
| **К-2** | 1,1 | -1,8 | 2,2 | -1,7 | 5,2 | 2,1 | 2,0 | 1,3 | 2,6 | -3,2 | -2,2 | 1,2 | 3,0 |
| **К-3** | 0,8 | -1,8 | 3,5 | -1,7 | 5,2 | 4,4 | 1,6 | -0,3 | 2,1 | -3,1 | -1,9 | 1,7 | 1,6 |
| **К-4** | 0,3 | -1,4 | 3,7 | -2,7 | 5,1 | 4,1 | 1,1 | 0,3 | 0,7 | -3,0 | -2,3 | 1,1 | * |
| **Инфлација (CPI, годишна процентна промена)** | | | | | | | | | | | | | |
| **2006** | 7,4 | 2,1 | 4,4 | 4 | 6,6 | 3,8 | 1,3 | 6,6 | 4,3 | 2,5 | 3,3 | 2,6 | 9,3 |
| **2007** | 7,6 | 3 | 6,7 | 7,9 | 10,1 | 5,8 | 2,6 | 4,9 | 1,9 | 3,8 | 2,7 | 0,7 | 8,8 |
| **2008** | 12 | 6,3 | 10,6 | 6 | 15,3 | 11,1 | 4,2 | 7,9 | 3,9 | 5,5 | 5,8 | 4,7 | 10,4 |
| **2009** | 2,5 | 0,6 | 0,2 | 4,0 | 3,3 | 4,2 | 4,0 | 5,6 | 0,9 | 0,9 | 2,2 | 1,8 | 6,3 |
| **2010** | 3,0 | 1,3 | 2,8 | 4,7 | -1,2 | 1,2 | 2,7 | 6,1 | 0,7 | 2,1 | 1,1 | 2,0 | 8,6 |
| **2011** | 3,4 | 2,1 | 5,1 | 3,9 | 4,2 | 4,1 | 3,9 | 5,9 | 4,1 | 2,1 | 2,2 | 2,5 | 6,5 |
| **2012** | 2,4 | 3,5 | 4,2 | 5,7 | 2,3 | 3,2 | 3,7 | 3,4 | 3,8 | 2,8 | 3,4 | 3,2 | 9,0 |
| **2011 К-1** | 4,5 | 1,9 | 5,2 | 4,3 | 3,8 | 3,2 | 3,6 | 7,5 | 3,5 | 2,2 | 2,2 | 2,9 | 4,3 |
| **К-2** | 3,4 | 1,8 | 5,3 | 3,9 | 4,6 | 4,7 | 4,0 | 8,3 | 4,1 | 2,0 | 2,3 | 2,7 | 5,9 |
| **К-3** | 3,1 | 2,0 | 5,4 | 3,4 | 4,4 | 4,6 | 3,7 | 4,2 | 4,1 | 1,5 | 2,0 | 2,6 | 6,4 |
| **К-4** | 2,5 | 2,8 | 4,4 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 4,2 | 3,4 | 4,7 | 2,6 | 2,4 | 1,9 | 9,2 |
| **2012 К-1** | 1,9 | 4,0 | 4,6 | 5,6 | 3,3 | 3,6 | 4,1 | 2,7 | 4,0 | 2,5 | 1,7 | 2,3 | 10,5 |
| **К-2** | 1,8 | 3,8 | 4,3 | 5,5 | 2,4 | 2,8 | 3,9 | 2,0 | 3,6 | 2,6 | 3,2 | 4,0 | 9,6 |
| **К-3** | 3,0 | 3,4 | 4,1 | 6,0 | 1,9 | 3,2 | 3,9 | 4,2 | 3,8 | 3,1 | 4,1 | 3,4 | 9,1 |
| **К-4** | 2,8 | 2,9 | 3,9 | 5,5 | 1,6 | 3,0 | 2,8 | 4,7 | 3,6 | 3,0 | 4,4 | 3,2 | 6,8 |
| **Стапка на невработеност (ILO дефиниција)** | | | | | | | | | | | | | |
| **2006** | 9 | 7,2 | 5,9 | 7,5 | 6,8 | 5,6 | 13,9 | 7,3 | 13,4 | 6 | 11,2 | 7,1 | 8,7 |
| **2007** | 6,9 | 5,3 | 4,7 | 7,4 | 6 | 4,3 | 9,6 | 6,4 | 11,1 | 4,9 | 9,6 | 6,4 | 8,8 |
| **2008** | 5,6 | 4,4 | 5,5 | 7,8 | 7,5 | 5,8 | 7,1 | 5,8 | 9,5 | 4,4 | 8,4 | 5,9 | 9,7 |
| **2009** | 6,8 | 6,7 | 13,8 | 10,0 | 17,1 | 13,7 | 8,2 | 6,9 | 12,0 | 5,9 | 9,1 | 7,0 | 12,5 |
| **2010** | 9,9 | 7,4 | 17,0 | 11,2 | 18,8 | 17,8 | 9,7 | 7,3 | 14,5 | 7,3 | 12,2 | 6,7 | 10,7 |
| **2011** | 11,3 | 6,8 | 12,4 | 10,9 | 15,8 | 15,3 | 9,7 | 7,4 | 13,6 | 8,2 | 13,9 | 6,5 | 8,8 |
| **2012** | 12,2 | 6,9 | 10,2 | 10,9 | 15,0 | 13,3 | 10,1 | 7,0 | 14,0 | 8,9 | 16,1 | 6,4 | 8,1 |
| **2011 К-1** | 11,1 | 6,9 | 13,6 | 11,0 | 16,3 | 16,5 | 9,3 | 7,0 | 13,4 | 8,1 | 14,3 | 6,6 | 9,3 |
| **К-2** | 11,2 | 6,9 | 13,1 | 10,9 | 16,1 | 15,6 | 9,6 | 7,5 | 13,3 | 7,9 | 13,6 | 6,7 | 9,1 |
| **К-3** | 11,1 | 6,6 | 11,4 | 10,9 | 15,6 | 15,0 | 9,7 | 7,6 | 13,5 | 8,1 | 13,5 | 6,3 | 8,6 |
| **К-4** | 11,6 | 6,6 | 11,6 | 10,9 | 15,3 | 14,1 | 10,0 | 7,5 | 14,0 | 8,6 | 14,1 | 6,5 | 8,3 |
| **2012 К-1** | 12,0 | 6,8 | 10,9 | 11,0 | 15,3 | 13,6 | 9,9 | 7,2 | 13,7 | 8,2 | 15,1 | 6,0 | 8,1 |
| **К-2** | 12,2 | 6,7 | 10,1 | 11,0 | 15,9 | 13,3 | 10,0 | 7,2 | 13,7 | 8,2 | 15,9 | 6,1 | 7,9 |
| **К-3** | 12,3 | 7,0 | 9,9 | 10,7 | 14,4 | 13,0 | 10,2 | 6,9 | 14,1 | 9,4 | 16,0 | 6,7 | 8,1 |
| **К-4** | 12,3 | 7,2 | 9,8 | 11,0 | 14,4 | 13,2 | 10,4 | 6,7 | 14,5 | 9,9 | 17,2 | 6,9 | 8,3 |

Извор: Eurostat, Crostat, Turkstat

*Податоците не се објавени

Табела 3. Бруто домашен производ по производен метод (годишни реални стапки на раст)

